# Жената која го воспостави основите на родовиот пристап на климатските промени



Секаде во светот родовите улоги ги одредуваат и креираат општествените очекувања, можности и права на жените и мажите. Република Северна Македонија не е исклучок. Политиката на родовата еднавост и зајакнувањето на жените, преставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок на државата. Затоа работењето кон целта за постигнување на вистинска родова еднаквост и справување со постојните нееднаквости и стереотипи за улогата на жените во општеството многу често значи да се работи различно со жените и мажите, и да се признае дека мажите и жените често имаат различни потреби и приоритети, се соочуваат со различни пречки, имаат различни аспирации и придонесуваат кон развојот на различни начини.

*м-р Елена Грозданова*
*Државен советник за еднакви можности*
*Министерство за труд и социјална политика*
*Република Северна Македонија*

Иако климатските промени влијаат и на жените и на мажите, поради различната положба во општеството последиците од климатските промени може да имаат различно влијание, при што жените се многу повеќе погодени од овие промени.

Како директен учесник во креирањето на родовите политики во државата, бев иницијатор и активен учесник на донесување на различни стратешки политики поврзани со родовиот аспект во Република Северна Македонија. Но и покрај фактот дека стратешките родови политки се успешно креирани, одржливи и функционални, постоеше нишка која порди недоволно капацитети немавме можност да ја вметнеме а тоа е заштитата и унапредувањето на животната средина и климатските промени. Иако прв пат со ова прашање се сретнав во 1995 год. при усвојување на Пекингшката декларација и подготовка на План за акција (ПДПА), каде една од стратешките цели беше улогата на жените во креирање на политики за животна средина и климатски промени, до пред 5 години немаше никаква активност за вкрстување и преклопување на областите род и климатски промени.

Иницијативата и поддршката од УНДП беше “иницијална написла” за надминување на овој проблем, и веќе дава позитивни резултати. Сакам да го изразам огромното задоволство што нашата држава ја препозна важноста на ова прашање и стана една од првите во регионот која започна со вакви активности. Министерството за труд и социјална политика преку Секторот за еднакви можности го прифати предизвикот со цел обезбедување на адекватен одговор на состојбите што ги носат климатските промени. Почнавме од нула, а за само 5 години можеме да кажеме дека сме при крај со остварување на првата цел:

родови политики кои го вклучуваат акспектот на климатски промени и политики за климатски промени кои го вклучија родовиот спект со цел да ја подобрат имплементацијата на предвидените климатски акции.

Но воопшто не беше лесно да се постигне сето тоа. Многу е тешко да се објасни каква улога има родовиот аспект во климатските акции или политики, а таа улога во значителен дел ми припадна мене, поради долгогодишното искуство и како една од првите личности за контакт за род и климатски промени кон рамковната конвенција на ОН за климатски промени на Балканот. Вложив значителен напор да се обезбеди одржливост на целиот процес, да оди преку институциите наместо преку личности.

Вклучување на жените во подигнување на јавната свест и едукација на урбаните и руралните жени за справување со последиците од климатските промени, улогата на жената во грижата за здравјето, во градењето на одржливиот развој на заедниците, се само делчиња од сложувалката. Многу важна е едукацијата, па во тој контекст се подготвија прирачници според кои во тек се обуки на вработените во државните и јавните институции, но и на жените од урбаните и руралните средини за превентивно и практично делување како што е штедењето вода и енергија, редуцирањето и селектирањето на отпадот и сл.

Унапредување на соработка на Единиците на локалната самоуправа и граѓанскиот сектор за спроведување на климатски акции е следен чекор, со цел сите институции,граѓански и меѓународни организации координирано да превземат климатски акции и да обезбедат максимално вклучување на девојчињата и жените во креирање и донесување политики за успешно справување со климатските промени,што претставува можност за формирање на добра партнерска платформа.

Финансиската поддршка од Глобалната програма за поддршка, за Министерството за труд и социјална политика и нашата држава претставуваат можност да ја потенцираме уште еднаш нашата посветеност и поддршка на активностите кои се однесуваат на промовирање на улогата на жените во креирање и спроведување на политики во сите области од општественото живеење во нашата држава вклучувајќи ја и животната средина и климатските промени.